Center for Legal and Political Research, Faculty of Law,

Goce Delcev University in Shtip, Republic of Macedonia

FIRST INTERNATIONAL SCIENTIFIC CONFERENCE

# ОПШТЕСТВЕНИТЕ ПРОМЕНИ ВО ГЛОБАЛНИОТ СВЕТ

# SOCIAL CHANGE IN THE GLOBAL WORLD

# СОЦИАЛЬНЫЕ ИЗМЕНЕНИЯ В ГЛОБАЛЬНОМ МИРЕ

# ЗБОРНИК НА ТРУДОВИ

# PROCEEDINGS

**Shtip, 2014**

First International Scientific Conference: SOCIAL CHANGE IN THE GLOBAL WORLD
© 2014 Copyright Goce Delcev University-Shtip, Republic of Macedonia. Address: Goce Delcev University - Shtip, Faculty of Law, ul. Krste Musirkov bb, PO box 201, 2000, Shtip, R. Macedonia. www.ugd.edu.mk; www.clprmk.org.

**Печати / Print** **2- ri Avgust- Shtip**

**Графичка подготовка – Центар за Правно- политички истражувања**

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

316.42(100)(062)

INTERNATIONAL scientific conference (1 ; 2014 ; Shtip)
Општествените промени во глобалниот свет = Social change in the global world = СоциалЬные изменения в глобалЬном мире : зборник на трудови = proceedings / First international scientific conference. - Shtip : Goce Delcev University, 2014. - 1172 стр. ; 24 см

Трудови на повеќе јазици. - Фусноти кон текстот. - Библиографија кон трудовите

ISBN 978-608-244-129-0

а) Општествени промени - Свет - Собири
COBISS.MK-ID 97561098

# Table of Contents

**Поздравно обраќање на Академик Владо Камбовски, Претседател на Македонската академија на науките и уметностите** ........ 11

**LAW** ........ **15**

ТЕХНИЧКИ СОВЕТНИЦИ, НОВО РЕШЕНИЕ ИЛИ КОЗМЕТИЧКА ИЗМЕНА НА ВЕШТАЧЕЊЕТО ВО МАКЕДОНСКИОТ ЗАКОН ЗА КРИВИЧНА ПОСТАПКА
**Никола Мицковски** ........ 17

РЕВИЗИЈА: СО ПОСЕБЕН АКЦЕНТ НА ДОЗВОЛЕНОСТ НА РЕВИЗИЈА, ПРИЧИНИ ЗА РЕВИЗИЈА И ПОСТАПКА ПО РЕВИЗИЈА ПРОТИВ ПРЕСУДА
**Војо Беловски** ........ 33

ПОСТАПКИ ПРЕД ЕВРОПСКИОТ СУД ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА КОИ СЕ ОДНЕСУВААТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
**Светлана Вељановска, Арсе Петрески** ........ 53

THE CONSTITUTIONAL AND INSTITUTIONAL PROTECTION AGAINST DISCRIMINATION IN BOSNIA AND HERZEGOVINA IN THE POST-DAYTON ERA
**Davor Trlin** ........ 67

О ПРАВЕ НА ГРАЖДАНСТВО В РОССИЙСКОЙ ФЕДЕРАЦИИ: НЕКОТОРЫЕ ПРОБЛЕМЫ РЕАЛИЗАЦИИ
**Вера Бабурина** ........ 81

ПРИМЕНА МЕЂУНАРОДНИХ СТАНДАРДА О СУЂЕЊУ У ОДСУСТВУ ОКРИВЉЕНОГ
**Саша Кнежевић, Иван Илић** ........ 95

THE PHENOMENON OF MULTIPLE DISCRIMINATION AND ITS PROTECTION UNDER THE ANTI-DISCRIMINATION LEGISLATION
**Zaneta Poposka** ........ 113

ЗАШТИТА НА ПРАВОТО НА ИНТЕЛЕКТУАЛНА СОПСТВЕНОСТ ПРЕД ЕВРОПСКИОТ СУД ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА
**Јелена Ристиќ** ........................................................................................ 127

ТОВАРЕН ЛИСТ – КОНОСМАН ВО МЕЃУНАРОДНИОТ ПРЕВОЗ НА СТОКА ПО ВОДЕН ПАТ
**Саша Дукоски** ......................................................................................... 143

THE PIERCING OF THE CORPORATE VEIL DOCTRINE: A COMPARATIVE APPROACH TO THE PIERCING OF THE CORPORATE VEIL IN EUROPEAN UNION AND MACEDONIA
**Borka Tushevska** ..................................................................................... 163

БЕНЕФЕЦИИТЕ ОД ЗАКОНОТ ЗА ФИНАНСИСКА ДИСЦИПЛИНА ВРЗ ЛИКВИДНОСТА НА ПРЕТПРИЈАТИЈАТА
**Александар Костадиновски, Марија Стевковиќ** ........................... 189

СОВРЕМЕНИ ИСТРАЖНИ МЕТОДИ НА ДРЖАВИТЕ ЧЛЕНКИ НА ЕУ СО ОСВРТ НА НИВНАТА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА ВО МАКЕДОНСКАТА ЛЕГИСЛАТИВА
**Елена Иванова, Нада Донева** ............................................................ 203

КОРПОРАТИВЕН КРИМИНАЛ
**Васко Стамевски, Елизабета Стамевска** ........................................ 245

ДЕЦЕНИИТЕ НА КАЗНЕНО-ПРАВНИТЕ РЕФОРМИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА:ПРЕВЕНЦИЈА И РЕПРЕСИЈА НА КРИМИНАЛИТЕТОТ И ПРАВНАТА СИГУРНОСТ
**Татјана Велкова** ..................................................................................... 263

ПРЕДИЗВИЦИТЕ НА НОВАТА КРИВИЧНА ПОСТАПКА ПРОТИВ ДЕЦА
**Гордана Бужаровска Лажетиќ, Олга Кошевалиска, Лазар Нанев** ..................................................................................................................... 277

SOME ASPECTS OF EMPLOYEES INFORMING AND CONSULTING IN ACCORDANCE WITH THE LABOR LAW AND LAW ONSAFETY AND HEALTHAT WORK
**Marko Andonov, Zoran Mihajloski, Kristina Misheva, Ljupcho Petkukjeski** ........................................................................................ 295

РАСПРАВА О КРУГУ СУБЈЕКАТА КОЈИМА СЕ ПРИЗНАЈЕ ПРАВО НА НУЖНИ ДЕО
**Новак Крстић** ........................................................................................ 311

RIGHT FOR HEALTH PROTECTION OF THE CITIZENS OF THE REPUBLIC OF CROATIA IN OTHER EU MEMBER STATES
**Anton Petricevic, Darko Kucan** ........................................................ 333

THE IMPACT OF CERTAIN RULES OF ROMAN PUBLIC LAW (LUS PUBLICUM) ON THE CONTEMPORARY LAW
**Marija Ignjatovič** ........................................................................ 357

ПРАВНА РАМКА НА ДОГОВОРОТ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА ЖИВОТ ВО Р. МАКЕДОНИЈА
**Марија Амповска** ........................................................................ 369

**POLITICS .......................................................................... 387**

POLITICAL GEOGRAPHY GEOPOLITICAL STRATEGIST, IN THE CONTEXT OF CONTEMPORARY DEVELOPMENT OF THE REPUBLIC OF BULGARIA
**Tihomir Licev** ............................................................................ 389

РОЛЬ ОБЩЕНАЦИОНАЛЬНОЙ (ГОСУДАРСТВЕННОЙ) ИДЕОЛОГИИ УСТОЙЧИВОГО РАЗВИТИЯ В СОВРЕМЕННОМ МИРЕ
**Наталия Бутусова** ...................................................................... 401

POLITICAL AND ECONOMIC EFFECTS OF THE NEW REGIONALISM: PRESENTED THROUGH THE EUROPEAN UNION
**Elena Tilovska-Kecedzi, Elizabeta Tosheva** ...................................... 419

ВРЕДНОСТИТЕ И ПРИНЦИПИТЕ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА НАСПРОТИ НОВИТЕ БЕЗБЕДНОСНИ ЗАКАНИ: СЛУЧАЈОТ СО УКРАИНА
**Ана Никодиновска Крстевска** ......................................................... 435

ОБ ИЗМЕРЕНИИ ОБЩЕСТВЕННОЙ ОПАСНОСТИ
**Ольга Хорошилова** ...................................................................... 445

GROUPS' RESORT TO ARMS IN NEGOTIATING SPACE IN NIGERIA: THE CENTRAL NIGERIA EXCEPTION
**Adoyi Onoja** ............................................................................... 453

ГЛОБАЛНАТА БЕЗБЕДНОСТ И СТРАТЕГИЈАТА НА НАЦИОНАЛНАТА БЕЗБЕДНОСТ НА ДРЖАВИТЕ
**Татјана Гергинова** ...................................................................... 481

THE EU POLICY OF SAP TOWARD THE WESTERN BALKANS:ELEMENTS OF REGIONAL APPROACH
**Melina Grizo** ........ 501

CONTROL AND RESPONSIBILITY OF ADMINISTRATION ACCORDING TO THE POSITIVE LEGISLATION OF THE REPUBLIC OF MACEDONIA
**Jusuf Zejneli, Faton Shabani** ........ 519

ПРИНЦИП НА СЕРВИСНА ОРИЕНТАЦИЈА НА АДМИНИСТРАЦИЈАТА
**Дејан Витански** ........ 533

MECHANISMS OF EXTERNAL CONTROL OF THE POLICE AND THE MOST EFFECTIVE MODEL FOR REPUBLIC OF MACEDONIA
**Avziu Kebir** ........ 553

ПОТРЕБАТА ОД ЕДИНСТВЕН СИСТЕМ ЗА ЦИВИЛНА ЗАШТИТА ВО МАКЕДОНИЈА
**Драган Веселинов** ........ 581

КВАЛИТЕТНО РЕГРУТИРАЊЕ НА КАДРИТЕ КАКО ПРЕДУСЛОВ ЗА УСПЕШНО РАБОТЕЊЕ НА ОРГАНИЗАЦИИТЕ
**Слаџана Стефанова, Трајко Мицески** ........ 593

STRATEGIC MANAGEMENT AND ITS IMPLEMENTATION IN HUMAN RESOURCES IN THE PUBLIC SECTOR IN THE REPUBLIC OF MACEDONIA
**Sejdi Xhemaili, Shkumbim Shabani** ........ 617

ФУНКЦИОНАЛНОСТА НА МАКЕДОНСКИОТ ИЗБОРЕН МОДЕЛ КАКО ПРЕТПОСТАВКА ЗА ПОУСПЕШНО КОНСОЦИЈАТИВНО СПОДЕЛУВАЊЕ НА ВЛАСТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
**Никола Амбарков** ........ 627

СОВЕТ ПО ПРАВАМ ЧЕЛОВЕКАОРГАНИЗАЦИИ ОБЪЕДИНЕННЫХ НАЦИЙ
**Юлия Владимировна Самович** ........ 645

МОДЕЛИ НА ГЛАСАЧКО ОДНЕСУВАЊЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
**Душко Петров** ........ 663

ДИСКРИМИНАЦИЈАТА ВО ЕВРОПСКАТА УНИЈА НА МИГРАНТИТЕ И НА ГРАЃАНИТЕ ОД НОВИТЕ ЕУ ЗЕМЈИ-ЧЛЕНКИ
**Наташа Постоловска** ........ 675

КОНЦЕПТИ И ТЕХНИКИ НА УБЕДУВАЊЕ И МАНИПУЛАЦИЈА ВО ТЕКОТ НА ИЗБОРНАТА КАМПАЊА
**Јован Ананиев** ........................................................................... 697

COMPARATIVE VIEW OF THE CONDITIONS AND PROCEDURES FOR THE APPOINTMENT OF AMBASSADOR
**Dejan Marolov**............................................................................. 715

## SOCIETY ........................................................................723

МИГРАЦИЈАТА ФЕНОМЕН НА ГЛОБАЛИЗАЦИЈАТА
**Росе Смилески, Љупчо Шошоловски** ............................................. 725

ОДНОСОТ ПОМЕЃУ ИНДИВИДУАЛНИОТ И КОЛЕКТИВНИОТ ИДЕНТИТЕТ НА МЛАДИТЕ ВО МАКЕДОНИЈА
**Елеонора Серафимовска, Маријана Марковиќ**............................. 741

WESTERN MUSIC FOR BANAL NATION: RE-ERECTING AVALA TV TOWER AND REMODELLING THE SERBIAN NATIONAL SOUNDSCAPE
**Srđan Atanasovski** ........................................................................ 765

RELIGION AND CULTURE IN THE GLOBAL WORLD: FROM CLASSICAL TO CONTEMPORARY SOCIOLOGICAL THEORIES OF MODERNITY, MODERNIZATION AND DEVELOPMENT
**Ranka Jeknić** ............................................................................... 777

СТРУКТУРАТА НА РАБОТОСПОСОБНОТО НАСЕЛЕНИЕ И НЕЈЗИНОТО ВЛИЈАНИЕ НА ДЕЛУВАЊЕТО НА ХИСТЕРЕЗА КОНЦЕПТОТ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
**Александра Лозаноска** ................................................................ 807

РЕДЕФИНИРАЊЕ НА СЕМЕЈНИТЕ ВРЕДНОСТИ ВО САД: *ПРОГРЕСИВНА* АНАТЕМА СО РЕГРЕСИВНА ЕРОЗИЈА
**Марија Емилија Кукубајска**........................................................... 829

ОДНОСОТ НА РЕЛИГИЈАТА И ГЛОБАЛИЗАЦИЈАТА ВО СОВРЕМЕНИОТ СВЕТ
**Даниела Коцева, Владо Петровски**................................................ 841

RELIGIOUS DIALOGE AND "GLOBALIZATION OF UNDERSTANDING" IN R. MACEDONIA AND BALKAN REGION
**Zoran Matevski** ............................................................................ 849

СЕМЕЈСТВОТО И СЕМЕЈНИТЕ ВРЕДНОСТИ ВО ГЛОБАЛНИОТ СВЕТ
**Крсте Илиев, Наталија Попзариева** .............................................. 861

WEBER'S MODELS OF BUREAUCRACY IN THE AGE OF GLOBALIZATION
**Strashko Stojanovski, Jadranka Denkova, Petar Trajkov** ................. 873

**ECONOMY** ........................................................................ **883**

THE WATERS IN THE COUNTRY AS A SPECIFIC BUSINESS ECOSYSTEM
**Dragan Jovanov, Aleksandar Dejanovski** ........................................... 885

НАЦИОНАЛНИТЕ СМЕТКИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА – МЕТОДОЛОГИЈА, АНАЛИЗА И ТРЕНДОВИ
**Ѓорѓи Гоцков** ........................................................................... 893

ГЛОБАЛИЗАЦИЈАТА, ГЛОБАЛНИТЕ ФИНАНСИСКИ ИНСТИТУЦИИ И ФЕНОМЕНОТ НА СИРОМАШТИЈА
**Ирена Андрееска** ........................................................................ 911

THE IMPORTANCE OF ECONOMIC DIPLOMACY FOR A SMALL OPEN ECONOMY – THE CASE OF SLOVENIA
**Dejan Romih, Jurij Pridigar** ................................................................ 919

РОССИЙСКАЯ ПРОМЫШЛЕНОСТЬ В УСЛОВИЯХ ВТО
**Валерий Валентинович Копеин, Елена Анатольевна Филимонова, Андрей Валентинович Копеин** .......................................................... 933

ДЕТЕРМИНАНТИ НА ПРИДОНЕСОТ НА ТУРИЗМОТ ВО ЕКОНОМСКИОТ РАЗВОЈ НА МАКЕДОНИЈА
**Билјана Петревска**........................................................................ 941

ПОТРЕБА ОД ПРЕПОЗНАВАЊЕ И ВАЛИДАЦИЈА НА ОРГАНИЗАЦИСКОТО ПРЕТПРИМНИЧКО ДЕЛУВАЊЕ НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ОРГАНИЗАЦИИТЕ
**Mimoza Serafimova, Snezana Bardarova**........................................... 955

ПРЕТПРИЕМНИЧКА ИНИЦИЈАТИВА, ПРЕТПРИЕМНИШТВОТО И МАЛИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
**Марија Магдинчева-Шопова, Неда Петросла-Ангеловска, Марија Ацковска**........................................................................ 969

FINANCIAL CRISIS IN SWEDEN AND CROATIA IN PERSPECTIVE OF EMU – THE BANKING UNION
**Ivana Bajakić, Ozren Pilipović, Nenad Rančić**.................................... 983

РЕЈТИНГ СИСТЕМИТЕ ВО ФУНКЦИЈА НА УПРАВУВАЊЕ СО КРЕДИТНИОТ РИЗИК ВО БАНКИТЕ
**Марија Сребренова Трендова** ........................................ 1017

FINANCE SYSTEM LOCAL GOVERNMENTS
**Marijana Ljubić, Stevica Deđanski** ........................................ 1041

ВЛИЈАНИЕТО НА МЕРКИТЕ НА ФИСКАЛНАТА ПОЛИТИКА ВРЗ ВРАБОТЕНОСТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
**Елизабета Џамбаска** ........................................ 1051

РЕФОРМАТА НА ПЕНЗИСКИОТ СИСТЕМ ВО ГЛОБАЛНИ РАМКИ (ОПШТИ ТРЕНДОВИ И ПРАВЦИ)
**Илија Груевски, Стеван Габер** ........................................ 1075

**MEDIA AND COMUNICATION ........................................ 1103**

PEOPLE AS OBJECT AND SUBJECT OF ALBANIAN MEDIA: THE CORELATION AND OSMESES IN THE EDUCATION PROCESS IN DEMOCRATIC SOCIETY
**Laura Furxhi** ........................................ 1105

МЕДИАТИЗАЦИЯ НАУКИ: АЛЬТЕРНАТИВНАЯ НАУКОМЕТРИЯ И ВОЗМОЖНЫЕ СОЦИАЛЬНЫЕ ПОСЛЕДСТВИЯ ЕЁ РАСПРОСТРАНЕНИЯ
**Марина Загидуллина** ........................................ 1113

ПОТЕНЦИЈАЛОТНА СОЦИЈАЛНИТЕ МРЕЖИЗА ПРОМОЦИЈА НА ИНФОРМАТИВНИТЕ ПОРТАЛИ
**Тања Крстева** ........................................ 1127

ТЕОРЕТСКИ АСПЕКТИ НА КОМУНИКАЦИЈАТА КАКО ПРОЦЕС ЗА РАЗМЕНА НА ИНФОРМАЦИИ
**Сузана Џамтоска–Здравковска, Андон Мајхошев** ........................................ 1141

**EDUCATION ........................................ 1159**

КОНТИНУИРАН ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ ВО ОБЛАСТА НА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА
**Даниел Павловски** ........................................ 1161

341.171 (4-677 ЕУ):321.7

# ‘ДЕМОКРАТИЈАТА’ КАКО ОСНОВНА ВРЕДНОСТ НА НАДВОРЕШНАТА ПОЛИТИКА НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА

**М-р Ана Никодиновска Крстевска, Правен факултет, Универазитет “Гоце Делчев” – Штип, Македонија**

**e-mail:** ana.nikodinovska@ugd.edu.mk

**Апстракт**

Од основањето на Европската заедница за јаглен и челик во 1952 г., сѐ до создавањето на Европската унија во 1992 г. и до Лисабонскиот договор од 2009 г. кој ѝ придаде меѓународен персоналитет, Европската унија во својата надворешната политика се раководи од сопствените вредности и принципи, и ги промовира истите во своите меѓународни односи со трети земји. Меѓу овие вредности кои произлегуваат од нејзината широка лепеза на закони и на политики содржани во *acquis communautaire* и *acquis politique*, се наоѓа демократијата. Според тоа, овој труд ќе говори за демократијата како основна вредност на Европската унија и нејзината промоција во својата својата надворешна политика.

***Клучни зборови:*** *демократија, вредности, надворешна политика на Европската унија*

# 'DEMOCRACY' AS BASIC VALUE OF THE FOREIGN POLICY OF THE EUROPEAN UNION

**Ana Nikodinovska Krstevska, M.A. ,Faculty of Law, Goce Delcev University, Shtip, Macedonia**

**e-mail:** ana.nikodinovska@ugd.edu.mk

## Abstract

Since the establishment of the European Community for Coal and Steel in 1952 and until the creation of the European Union in 1992 and the Treaty of Lisbon in 2009 which gave it international personality, the Union in its foreign policy is guided by its own values and principles, which it promotes in its international relations with third countries. In between these values that originate from its vast range of laws and policies included in the *acquis communautaire* and *acquis politique* of the Union, is democracy. According to that, this paper will speak about democracy as a basic value of the European Union and its promotion in the European Foreign policy.

.

***Key words:*** *democracy, values, Foreign Policy of the European Union*

## Вовед

Изградена преку декларации, договори, политики, заеднички уставни традиции, критериуми и услови, и преку педесетгодишното постојано градење и развивање на европските институции и на европскиот идентитет, демократијата претставува една од основните вредности на Европската унија. Содржана во Лисабонскиот договор и во договорите што ѝ претходат на Европската унија, демократијата заедно

со владеењето на правото, почитувањето на човековите права и слободи, социјалниот прогрес, борбата против дискриминацијата, одржливиот развој и доброто владеење, претставуваат темелните вредноснти на Европската унија (Manners, 2001:9-13; 2002:242-4; 2004:4-5; 2006:19-20, 33-38; 2008), и воедно, тие се основните вредности на надворешна политика кои Европската унија ги промовира во своите односи со трети земји

## Демократијата како европска вредност

Демократијата како основна вредност на Европската унија е содржана во преамбулите на основачките договори и на Консолидираната верзија на Договорот за Европската унија, каде е претставена како една од универзалните вредности врз кои се инспирира и се заснова Унијата (член 2). Во нејзината претставничка форма на владеење, демократијата е зацртана во член 10 точка 1, како форма врз која се заснова функционирањето на европскиот политички систем и врз основа на која граѓаните непосредно преку Европскиот парламент се претставени во Европската унија (член 10 точка 2). Освен тоа, таа се јавува како основачки принцип на надворешната акција на Унијата (член 21 точка 1), според кој Европската унија презема акции за нејзина промоција, консолидирање и поддршка во трети земји (член 21 точка 2 потточка б).).

Демократијата и доброто владеење[1] не биле од секогаш основна цел на Европската унија[2]. Имено, таа станува значајно прашање за

[1] Поврзаноста и поистоветувањето на овие два термини за прв пат се јавува во извештајот од Светската банка за економската криза во Супсахарска Африка од 1989 година, во кој се вели дека економскиот пад на Африка се должи на лошиот квалитет на владеење, што како последица, ја доведува Светската банка да ги поврзе демократијата, доброто владеење и развојот и да ги претстави како клуч за подобри економски перформанси на овие земји. Оттогаш па наваму, голем број донатори меѓу кои и западноевропските земји ги прифатија овие стојалишта, вклучувајќи го и почитувањето на човековите права и ги поставија како претпоставки за идна алокација на помошта за развој. (K. Smith, 2008:128).

[2] Иако уште од самиот зародиш демократијата претставувала основна конститутивна норма на Унијата во форма на предуслов за членство во

Заедницата и за Европската политичка соработка дури во средината на 80-тите години од минатиот век и тоа како составен дел од заштитата на човековите права[3]. Ова во голем дел се должи на непрактичноста и нералистичноста на демократските принципи во контекст на односите со комунистичките земји од Источна Европа, како и на нивната подложност на надворешни интервенции во однос на политичкото уредување кај земјите во развој (K. Smith, 2008:126), коишто пак, со завршетокот на Студената војна, заземаа нов правец.

Па така, Европската унија предводена од нови стратешки цели[4], врз основа на кои Унијата заедно со другите донатори се обидува да ги

---

Европската заедница, сепак таа за прв пат се кодификува со Луксембуршкиот извештај од 1970 година (т.н. Извештај Давињон), во кој експлицитно се пропишува дека членството во Заедницата е отворено за сите демократски избрани држави. Подоцна во 1973 година во Декларацијата за Европскиот идентитет (т.н. Копенхашки извештај), принципите на претставничка демократија се поистоветуваат како основни елементи на европскиот идентитет, но не и цели на надворешната политика на ЕУ (K. Smith, 2008:125). Додека, неколку години подоцна со Мастришкиот договор од 1992 година, истата станува цел на надворешна политика на Европската унија, особено нагласена во делот на политиките за соработка и развој. Во 1993 година, демократијата се афирмира како предуслов за влез во Унијата преку Копенхашките критериуми наменети за пристапните земји, по што, во 1995 година повторно се потврдува како условувачка клаузула во политиките за соработка и развој, како и во правните акти на надворешната политика (Manners, 2006b:71).

[3] Ова во голем дел се должи на непостоењето на солидни бази и соодветна легитимизација во меѓународното право, односно на непостоењето на заеднички дефиниции за „демократија“ и „добро владеење“ и на соодветни заштитни клаузули во меѓународните договори. Врз основа на тоа, Карин Артс (Arts, 2000:40-1) вели дека не постои ниту едно утврдено правило нити пак општ принцип на меѓународно право со кои се предвидува индивидуално или колективно право на демократија или пак друга апсолутна обврска за државите или за владите да бидат демократски, туку дека, основите на демократијата (слободата на изразување и правото на слободни и јавни избори) се инкорпорирани во правото за човековите права.

[4] Како на пример: поддршка за економска и политичка транзиција на земјите од Источна Европа, демократизација на земјите од Централна и Латинска Америка и поддршка на Афричките земји во достигнување на одржлив развој.

промовира замислените далекусежни цели т.н. *milieu goals,* таа воспоставува симбиозна врска меѓу демократијата, доброто владеење и развојот, како и меѓу демократијата, човековите права и превенцијата на конфликти[5]. Иако при дефиниција на поимот *демократија*, Унијата тргнува од веќе воспоставените меѓународни стандарди[6], таа сепак во нејзините надворешни односи си поставува сопствени стандарди (особено во однос на земјите во развој) и изработува подетални дефиниции за демократијата односно за демократските принципи[7].

Според тоа, Унијата ги презентира демократските принципи како постулати кои поседуваат карактеристики на легитимност, легалност и ефективност, и коишто, воедно, една земја треба да ги исполнува и почитува со цел да се комплетира динамичкиот процес што води кон демократија. Тие се претставуваат како меѓусебно зависни и недделиви и се состојат од следните принципи: право на избор и на смена на влади на слободни и фер избори; поделба на власта на законодавна, извршна и судска; промоција и заштита на основните права и слободи; заштита на слободата на изразување, информирање, здружување и на политичка

[5] Council of the European Union: Common Position **of 25 May 1998 defined by the Council on the basis of Article J.2 of the Treaty on European Union, concerning human rights, democratic principles, the rule of law and good governance in Africa,** *Official Journal L 158 , 02/06/1998 P. 0001 - 0002*

[6] Член *21 од Универзалната декларација за човековите права од 1948 година* според кој „Секој има право да учествува во управувањето со неговата земја, непосредно или преку слободно избрани претставници . . . Волјата на народот ќе биде основата на власта; волјата на народот ќе се изразува на по-времени и автентични избори, што ќе се одржуваат, со универзално и еднакво право на глас и со тајно гласање или според соодветните процедури на слободно гласање.“ и член 19 од истата Декларација во кој се вели дека „Секој има право на слобода на мислење и изразување; ова право ја вклучува и слободата да се застапува одредено мислење без никакво вмешување и да се бараат, да се примаат и да се даваат информации и идеи преку медиумите и без оглед на границите“.

[7] Унијата претпочита да го користи терминот демократски принципи наместо демократија заради тоа што тие се (слободен превод) ... „[у]нверзално признати принципи врз кои се темели организацијата на државата и кои го гарантираат уживањето на правата и на основните слободи, при тоа оставајќи им целосна слобода на државите сами да си го развијат својот модел на уредувањ[е]“... [European Commission, COM (1998) 146, pp. 4].

организација; независност на судството; политички и институционален плурализам; транспарентност и институционален интегритет и друго[8].

Како дополнување на демократските принципи, Унијата го опишува и концептот на добро владеење како начин на извршување на политичката, економската и административната власт при вршење на јавните работи во една држава[9], односно постоење на компетентни и ефективни институции коишто ги почитуваат демократските принципи што подразбира транспарентно, одговорно, партиципативно и еднакво управување со јавните работи почитувајќи ги човековите права и владеењето на правото.

## Демократијата низ надворешната политика на Европската унија

Вака дефинираните цели на демократија и добро владеење Европската унија ги промовира во своите надворешни односи, користејќи инструменти слични на оние што ги користи за промоција на човековите права, односно: политичка условеност, помош за промоција на демократијата и дипломатски инструменти како демарши и политички дијалози, а покрај тоа таа се јавува и како опсерватор во трети земји[10]. Па така, тргнувајќи од политичката условеност (позитивна или негативна), Европската унија всушност се обидува да влијае на владите на трети земји преку охрабрување односно преку меѓународно инсистирање односната земја да се придржува кон одредени формални критериуми. Со оглед на тоа дека демократизацијата зависи пред сè од локалните услови (односно таа претставува автохтон процес којшто не може да биде наметнат однадвор), Унијата го претпочита позитивниот

[8] European Commission, COM (1998) 146, pp. 4 – 6.

[9] *Idem*, pp. 7 – 9.

[10] Европската унија заедно со други странски опсерватори меѓу кои невладини и меѓународни организации, се јавува како меѓународен опсерватор за избори, при што нејзината функција се состои во поддршка и мониторирање на изборните кампањи и опсервација на гласањето во земји коишто поседуваат мало искуство во спроведување на слободни, фер и демократски избори со цел за откривање и превенција од измама и фалсификат на изборните резултати.

пристап за оние земји кои зачекориле по патот на демократска транзиција, нудејќи им разни поволни бенефиции преку помош, дипломатско признавање, трговски договори и договори за асоцијација, или евентуално членство во Унијата (за европските земји). Таа, исто така, во помал обем го користи и негативното условување кое се состои од намалување, суспендирање или прекинување на истите бенефиции, доколку односната земја не се прирдржува или пак ги прекршува договорените критериуми[11].

Покрај овие инструменти, Европската унија доделува помош за промоција на демократијата и доброто владеење[12]. Оваа помош се состои во поддршка и промоција на граѓанско општество и на граѓанските и политичките слободи и права, поддршка на невладиниот сектор, поддршка за избори и мониторинг на избори, зацврстување на политичките институции како што се парламентот и политичките партии, поддршка за транспарентност на јавната администрација, административна децентрализација, зацврстување на правниот систем и судската заштита, аболиција на смртната казна, превенција на измама и корупција итн.

И на крај, Унијата ги користи и дипломатските инструменти односно политичките дијалози и дипломатските санцкии, на тој начин

[11] Како примери за негативна условеност може да се наведе случајот со Република Словачка која беше исклучена од првиот круг на преговори за членство во ЕУ во 1998 год., заради тоа што поседуваше лабави демократски креденцијали, или пак случајот со Турција која *de facto* продолжува да биде исклучена од процесот на преговори заради нејзините некредибилни демократски перформанси и заштита на човековите права, како и заради изоставување на потпишувањето на Дополнителниот протокол на Договорот за асоцијација со Кипар.

[12] Тука може да ги спомунеме првите иницијативи за доделување на помош преку демократските програми ФАРЕ (1989-2006) и ТАЦИС (1991-2006) наменети за земјите од Централна и Источна Европа и за Заедницата на независните држави, а во врска со поддршка на процесот за демократска транзиција и промоција на граѓанските и политичките слободи. Денес, овие програми во голем дел се заменети со сеопфатниот Европскиот инструмент за демократија и човекови права – ЕИДХР (2006 – 2013) чијшто претходник е Европската иницијатива (2000 – 2006), со Инструментот за претпристапна помош - ИПА (2007-2013) и Европскиот инструмент за соседство и партнерство - ЕНПИ (2007-2013).

што со помош на првите ги интегрира демократските принципи заедно со прашањата поврзани за човековите права (*European Commission, COM (2001) 252), преку нивна институционализација во меѓународните договори, со што таа всушност се обидува да вклучи владини и невладини претставници* во дијалог, и да создаде услови за прифаќање на поставените демократски норми (K. Smith, 2008:140), додека вторите ги користи како негативни мерки, врз основа на кои таа ги санкционира оние земји кои ги прекршуваат демократските принципи[13].

## Користена литеартура

Communication on "*Democratization, the rule of law, respect for human rights and good governance: the challenges of the Partnership between the European Union and the ACP States*", European Commission, COM (1998) 146, p. 4.

*European Commission, COM (2001) 252, Communication from the Commission to the Council and the European Parliament on "The European Union's Role in Promoting Human Rights and Democratization in Third Countries".* < http://www.initiativeforpeacebuilding.eu/resources/-Communication_on_Promoting_democracy_and_HR.pdf>

MANNERS, Ian: "Normative Power Europe: The International Role of the EU", *Biennal Conference. The European Union between International and World Society*, Madison, USA, 31 May 2001.

MANNERS, Ian: "Normative Power Europe. A contradiction in terms?", *Journal of Common Market Studies*, volume 40:2, 2002, pp. 235 - 258.

MANNERS, Ian: "Normative Power Europe Reconsidered", *CIDEL Workshop. From civilian to military power: The European Union at a crossroads?* Oslo 22 – 23 October 2004.

[13] *Idem.*

MANNERS, Ian: "Normative power Europe reconsidered: beyond the crossroads", *Journal of European Public Policy* 13:2, March 2006, pp. 182 – 199. (a)

MANNERS, Ian: "The symbolic manifestations of the EU's normative role in world politics" **in** ELGSTRÖM, O. & SMITH, M. (eds.): *The European Union's Roles in International Politics: Concepts and analysis*, Routledge, London and New York, 2006, pp. 66 – 84. (b)

MANNERS, Ian: "The normative ethics of the European Union", *International Affairs* 84:I, 2008, pp. 45 – 60.

SMITH, Karen E.: *European Union Foreign Policy in a Changing World*, Polity Press, Cambridge, 2008.